09-2632/8
17-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр.09-2632/1 од 19.05.2023 година, оформен врз основа на пријава од непознат подносител против лицето ______________, член на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и в.д. проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот во ___________, **СЕ ЗАПИРА.**

По доставено известување со Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради констатирани повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, службеното лице изврши уплата на предвидената глоба, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Предметот со број 09-2632/1 од 19.05.2023 да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-2632/1 од 19.05.2023 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи дека лицето ______________ покрај тоа што е избрано од страна на Собранието на РСМ за вршење на функцијата член на Националниот совет за високо образование и научна истражувачка дејност, исто така извршува и други функции - проректор за финансии при Универзитетот во ______________, член на Сенатот при истиот универзитет, шеф/координатор за ECTS на правниот факултет при истиот универзитет и раководи со неколку комисии при ректоратот на Универзитетот во __________ и др.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец анкетен лист од страна на лицето _____________ со број 08-2419/1 од 08.07.2021 година, како и проверка во службената евиденција, по што утврди дека истиот истовремено врши функцијата член на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, избран од Собранието на РСМ со Одлука бр. 08-2046/1 од 21.04.2021 година и функцијата в.д. проректор за финансии, инвестиции и развој при Универзитетот во __________.

Констатираната состојба е спротивна на член 44 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 42 став 2 од Законот за високото образование, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ___________ е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок до ДКСК достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Истовремено, ДКСК до именуваниот достави известување со кое укажа дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување да го отстрани прекршокот, со тоа што ќе се откаже од извршување на функцијата член на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност или од извршување на функцијата в.д. проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот во _________.

Во законски предвидениот рок, __________ ја извести ДКСК за уплата на глоба и за постапување од негова страна по барањето на ДКСК, по што до ректорот на Универзитетот во ____________ достави известување дека се откажува од извршување на должноста – в.д. проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот во ________ за што во прилог достави копија од известувањето со приемен печат од Универзитетот во __________ бр. 02-2953/1 од 16.10.2023 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.Џ - советник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил: К.Н. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk